Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 55 став 2 алинеи 2 и 3 од истиот Закон и точка 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи (Пречистен текст) арх.бр.01-2970/1 од 5.7.2024 г., точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4241/1 од 1.10.2025 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1232/1 од 19.3.2026 г., коригиран со арх.бр.10-1232/3 од 3.4.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-1838/14 од 27.4.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15 седница одржана на 27.4.2026 г., го донесе следното

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво (ТРД) КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 55 став 2 алинеи 2 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 3-ти март 2026 г., во репризните изданија на говорната-шоу програма „Pastel“, промотивно се препорачуваа и им беше придадена претерана важност (истакнување или упатување) на производи на „ЗЕГИН“.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1232/1 од 19.3.2026 г., коригиран со арх.бр.10-1232/3 од 3.4.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2.МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3.По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4.Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенција) врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум (радиодифузер) презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 55 став 2 од ЗАВМУ пропишува дека аудио и аудиовизуелните програми кои содржат пласирање производи меѓу останатите треба да ги исполнуваат и следниве услови; нема директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги, особено преку

посебно промотивно препорачување на стоките и на услугите (алинеја 2 од став 2 на истиот член) и нема да му придаваат претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор (алинеја 3 од став 2 на истиот член).

Во точката 21 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи (во понатамошниот текст: Упатството) е пропишано дека програмите и видеата создадени од корисници кои содржат пласирање производи не смеат директно да ги поттикнуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмуваат производите или услугите преку посебно промотивно препорачување или промовирање. На производите или услугите кои се пласираат во програмите и видеата создадени од корисници не смее да им се придава претерана важност, преку истакнување или упатување на нив; во точката 22 од Упатството е пропишано дека иако некој производ, марка, име или заштитен знак се прикажани во програмата/видеото, сепак нивното изложување или споменување не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се промовира производот, услугата или марката; во точката 23 од Упатството е пропишано дека водителите/презентерите на програмите/видеото во кои се пласираат производи или услуги треба да избегнуваат да зборуваат со пофалби за квалитетот, цената или достапноста на производите или услугите, како и да даваат какви било позитивни оценки и препораки со кои се наведуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмат пласираните производи или услуги и во точката 24 од Упатството е пропишано дека оценката за тоа дали во програмата/видеото има директно поттикнување или прекумерно истакнување на некој производ или услуга, се утврдува во секој одделен случај, врз основа на кој било од следниве критериуми: карактеристиките на пласирањето, на пример: просторот што е издвоен на екранот или во студиото; траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето; целисходноста и оправданоста на споменувањето или прикажувањето од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма/видео и јазикот што се користи при споменувањето, односно визуелните средства при прикажувањето.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 19 март 2026 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3 март 2026 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 55 став 2 алинеи 2 и 3 од ЗАВМУ. Имено, во репризните изданија на емисијата „Pastel", по жанр - говорна-шоу програма со забавна медиумска функција, на 3 март 2026 година, емитуван е промотивен прилог за производи на „ЗЕГИН". Прикажани се повеќе производи, а фокусот е ставен на FLAVO - ZINC пастилите од компанијата Solgar (зборовите на водителката се цитирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1232/1 од 19.3.2026 г., коригиран со арх.бр.10-1232/3 од 3.4.2026 г.). Пласираните производи се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување, со што е направен прекршок на член 55 став 2 алинеи 2 и 3 од ЗАВМУ и на насоките од точките: 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, опфатени под заеднички поднаслов – „Забрана за директно поттикнување или прекумерно истакнување".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по датум на прекршување, наслов на емисија, период на емитување (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1232/1 од 19.3.2026 г., коригиран со арх.бр.10-1232/3 од 3.4.2026 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје на 24.3.2026 г., испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за изјаснување арх.бр.10-1232/2 од 24.3.2026 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1232/1 од 19.3.2026 г., коригиран со арх.бр.10-1232/3 од 3.4.2026 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 25.3.2026 г. Во предвидениот рок, ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на ЗАВМУ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 27.4.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај (коригиран на 3.4.2026 г.) и заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 55 став 2 алинеи 2 и 3 од истиот Закон и точка 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, точка 6 и

точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1232/1 од 19.3.2026 г., коригиран со арх.бр.10-1232/3 од 3.4.2026 г. и Заклучокот арх.бр.02-1838/14 од 27.4.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 27.4.2026 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и му се наложува во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

- Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1232/1 од 19.3.2026 г., коригиран со арх.бр.10-1232/3 од 3.4.2026 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 03.04.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1232/3 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР (КОРИГИРАН[1])

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 3 март 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 19 март 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024)
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи - пречистен текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

[1] Корекцијата е од технички карактер – во точките 7 и 8 од Извештајот имаше погрешна референца на прекршениот став од член 55 од ЗААВМУ. Суштината на констатираниот прекршок во овој Извештај порано беше опфатена во член 55 ставови 6 и 7, но со влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 154/23), прекршокот е опфатен во член 55 став 2 алинеи 2 и 3.

- **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. **Претходно изречена мерка: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 3 март 2026 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 55 став 2 алинеи 2 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*став 2 алинеја 2 - нема директно да поттикнуваат купување или изнајмување стоки или услуги особено преку посебно промотивно препорачување на стоките и услугите; став 2 алинеја 3 – нема да му придаваат претерана важност (истакнување или упатување) на производот за кој станува збор)*.

Во репризните изданија на емисијата „Pastel", по жанр - говорна-шоу програма со забавна медиумска функција, на 3 март 2026 година, емитуван е промотивен прилог за производи на „ЗЕГИН". Прикажани се повеќе производи, а фокусот е ставен на FLAVO - ZINC пастилите од компанијата Solgar (подолу во текстот се дадени цитати од зборовите на водителката).

Пласираните производи се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување, со што е направен прекршок на членот 55 став 2 алинеи 2 и 3 од ЗААВМУ, и на насоките од точките: 21, 22, 23 и 24 од Упатството за примена на одредбите за пласирање производи, опфатени под заеднички поднаслов – *„Забрана за директно поттикнување или прекумерно истакнување.*

- Во точката 21 е наведено дека програмите кои содржат пласирање производи не смеат, преку нагласено промовирање или препорачување, директно да ги поттикнуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмуваат производите или услугите. На производите или услугите кои се пласираат во програмите не смее да им се придава претерана важност, преку истакнување или упатување на нив;
- Во точката 22 е наведено дека иако некој производ, марка, име или заштитен знак се прикажани во програмата, сепак нивното изложување или споменување не смее да се прави на неприроден, прекумерен, или нападен начин со што видливо се промовира производот, услугата или марката;
- Во точката 23 е наведено дека водителите на програмите во кои се пласираат производи или услуги треба да избегнуваат да зборуваат со пофалби за квалитетот, цената или достапноста на производите или услугите, како и да даваат какви било позитивни оценки и препораки со кои се наведуваат потрошувачите да ги купуваат или изнајмат пласираните производи или услуги;

- Во точката 24 е наведено дека оценката за тоа дали во програмата има директно поттикнување или прекумерно истакнување на некој производ или услуга, се утврдува во секој одделен случај, врз основа на кој било од следниве критериуми:
    - карактеристиките на пласирањето, на пример: просторот што е издвоен на екранот или во студиото;
    - траењето и зачестеноста на споменувањето или прикажувањето;
    - целисходноста и оправданоста на споменувањето или прикажувањето од аспект на уредувачкиот концепт на конкретната програма;
    - јазикот што се користи при споменувањето, односно визуелните средства при прикажувањето.

**3 март 2026 г.**

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** |
| **„Pastel“** | **07:19:53** | **08:06:27** |
| Прилог-презентација на производи на „ЗЕГИН“ | 08:05:10 | 08:05:50 |
| **„Pastel“** | **17:00:23** | **18:04:29** |
| Прилог-презентација на производи на „ЗЕГИН“ | 18:03:27 | 18:04:01 |

**Цитат од презентацијата на производот FLAVO - ZINC пастилите**
**08:05:10 - 08:05:50**

Водителка: „Пред да ја завршиме оваа емисија, морам да ве информирам во врска со *(во оригинален назив)* Solgar витамините, *(во оригинален назив)* FLAVO - ZINC пастилите обезбедуваат висококвалитетен цинк во форма на цитрат и карбонат, хемиски форми кои се карактеризираат со висока моќ на апсорпција, кои се особено важни за зајакнување на имунолошкиот систем. Цинкот придонесува за одржување на здрава кожа, коса и нокти. Исто така, влијае на снабдувањето на телото со енергија, како и на поддршка на плодноста и одржување на машкото здравје. Како што можете да видите на екранот, освен FLAVO - ZINC пастилите, имате и многу други витамини кои треба да побрзате во аптеката „ЗЕГИН“ за да ги набавите, особено во ова студено време каде што витамините се најпотребни “[2];

**Цитат од презентацијата на производот FLAVO - ZINC пастилите**
**18:03:27 - 18:04:01**

Водителка: „Ќе ги искористам овие последни минути за нашиот лојален пријател на програмата, аптеката „ЗЕГИН“ и (*во оригинален назив*) Solgar витамините. Ќе застанеме кај

[2] Изворно, на албански јазик: *"Mirëpo, përpara se ta përmbyllim këtë emision, do te duhet patjetër t'ju informoj sa i përket Solgar vitaminave, Flavo pastila Zink ofrojnë zink të cilësisë së lartë në formën e citratit dhe karbonatit, forma kimike të karakterizuara nga fuqia e lartë përthithëse, janë veçanërisht të rëndësishme për forcimin e sistemit imunitar. Zinku kontribuon në ruajtjen e lëkurës, flokëve edhe thonjve të shëndetshëm. Gjithashtu ndikon në furnizimin e trupit me energji si dhe mbështetjen e fertilitetit dhe ruajtjen e shëndetit mashkullor. Siç e shihni në ekrane, përpos Flavo pastilave Zink keni edhe shumë vitamina të tjera të cilat duhet të vraponi ti merrni në barnatoren „ZEGIN", sidomos në ketë mot të ftohtë ku vitaminat janë mëse të nevojshme."*

(*во оригинален назив*) FLAVO - ZINC пастилите, кои нудат висококвалитетен цинк во форма на цитрат и карбонат. Тие се хемиски форми кои се карактеризираат со висока моќ на апсорпција, тие се особено важни кога станува збор за зајакнување на имунолошкиот систем, придонесуваат за одржување на здрава кожа, коса и нокти. Исто така, влијаат на снабдувањето на телото со енергија, како и на поддршката на плодноста и одржувањето на машкото здравје. Посетете ја аптеката „ЗЕГИН“ за да ги добиете витамините што му се потребни на вашето тело.“[3];

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 55 став 2 алинеи 2 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, на 3 март 2026 година, во репризните изданија на говорната-шоу програма „Pastel“, промотивно се препорачуваа и им беше придадена претерана важност (истакнување или упатување) на производи на „ЗЕГИН“.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***

[3] Изворно, на албански јазик: *„Do i shfrytëzoj këto minutat e fundit për mikun tonë më besnik të programit barnatoren "ZEGIN" dhe Solgar vitaminat. Do të ndalemi te Flavo pastilat Zink, që ofrojnë zink të cilësisë së lartë në formën e citratit dhe karbonatit. Janë forma kimike të karakterizuara nga fuqija e lartë përthithëse, janë veçanërisht të rëndësishme kur bëhet fjalë për forcimin e sistemit imunitar, kontribuon në ruajtjen e lëkurës, flokëve edhe thonjve të shëndetshëm. Gjithashtu ndikojnë edhe në furnizimin e trupit me energji si dhe mbështetjen e fertilitetit dhe ruajtjen e shëndetit mashkullor. Drejtohuni në barnatoren "ZEGIN" për të marr vitamina që i nevoiten trupit tuaj.“*